ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Селекција, обука и оцена на оценувачи

Selection, training and evaluation of Assessors

ПР 03 - 04

Содржина

1. ЦЕЛ
2. ОПСЕГ
3. ДЕФИНИЦИИ
4. КЛАСИФИКАЦИЈА И СТАТУС НА ОЦЕНУВАЧИ
4.1 Класификација на оценувачи
4.2 Статус на оценувачи
5. КРИТЕРИУМИ И БАРАЊА ЗА КОМПЕТЕНЦИИ НА ОЦЕНУВАЧИТЕ
5.1 Процес на дефинирање квалификации, искуство и обуки на персоналот
5.2 Минимални критериуми и барања за квалификации, искуство и обука
5.2.1 Образование
5.2.2 Професионално искуство
5.2.3 Обука
5.2.3.1 Теоретска обука
5.2.3.2 Обука – со вклучување во оценувања (под надзор)
5.3 Знаења, вештини и лични особини
5.3.1 Познавање на јазици
5.3.2 Лични особини
5.3.3 Знаење и вештини
5.3.3.1 Општи барања
5.3.3.2 Дополнителни барања за технички оценувачи
5.3.3.3 Дополнителни барања за водечки оценувачи
5.3.3.4 Барања за експерти
6. ПРОЦЕДУРА ЗА СЕЛЕКЦИЈА, ОБУКА И ОЦЕНА НА ОЦЕНУВАЧИ
6.1 Пријава
6.2 Избор на оценувачи и експерти
6.3 Обука
6.3.1 Курсеви за обука
6.3.1.1 Организирање на курсеви за обука
6.3.2 Стекнување со искуство во процедурата за акредитација
6.3.3 Вклучување на странски оценувачи во процедурата за акредитација на ИАРСМ
6.3.4 Одржување на компетентноста на оценувачите
6.3.4.1 Самостојно дообучување
6.3.4.2 Тековна обука за одржување на компетентноста на оценувачите
6.4 Оценување на работата на оценувачите
6.5 Повлекување на оценувачот од листата
7. ПОДАТОЦИ ЗА ОЦЕНУВАЧИ
7.1 Записи
8. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ
9. ДОГОВОРИ
Референтни документи
Понатамошна документација

1. ЦЕЛ

Целта на оваа процедура, издадена од директорот на ИАРСМ врз основа на член 23 од Статутот, е да го опише процесот за дефинирање на критериуми и да ги воспостави барањата што треба да ги исполнат оценувачите и експертите и сите лица кои учествуваат во акредитациониот процес на ИАРСМ и активностите што ИАРСМ ги спроведува со цел да обезбеди компетентни оценувања.

2. ОПСЕГ

2.1 Оваа процедура се однесува на водечките оценувачи, техничките оценувачите и експертите, независно од нивното подрачје на делување и специјализација, кои се вработени во ИАРСМ или ангажирани од директорот на ИАРСМ за да работат на одредени задачи.

2.2 Процедурата опфаќа:
- Квалификациони барања за оценувачи и експерти
- Процедура за пријавување
- Процедура за обука
- Стекнување на искуство за процедурата за акредитација
- Воведување на странските оценувачи во акредитациониот систем и интерните процедури на ИАРСМ
- Оценување на оценувачите и експертите и постапка за стекнување на соодветниот статус

2.3 Странските оценувачи (оценувачи од други тела за акредитација, по можност ЕА членови кои имаат потпишан договор за меѓусебно признавање (Мултилатерален договор - MLA) или членови на други меѓународни организации за акредитација - потписнички на мултилатерални договори) ја поминуваат истата процедура за пријавување која се применува и за домашните оценувачи. Покрај тоа од нив се бара да достават и потврда за нивниот статус од телото за акредитација од кое доаѓаат. Компетенциите и статусот се проверуваат од страна на Комитетот за оцена на лица и се стекнуваат со статус на оценувачи/експерт и на ИАРСМ.
Во случаи кога ИАРСМ ангажира странски оценувачи/експерти кои не се регистрирани во телото за акредитација во својата земја, начинот на нивно евидентирање/пријавување во ИАРСМ е ист кој се применува и за домашните оценувачи/експерти.

2.4 Активностите за избор на експерти и кандидатите за оценувачи, и давање на препораки за определување на статусот на оценувачите е во надлежност на Комитетот за оцена на лица.

2.5 Одлуката за изборот на експертите и кандидатите за оценувачи и за статусот на оценувачите е во надлежност на директорот на ИАРСМ, врз основа на препораките добиени од Комитетот за оцена на лица.

3. ДЕФИНИЦИИ

Дефинициите што се користат се преземени од стандардот МКС EN ISO/IEC 17011 Оцена на сообразност - општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообразност, ISO/IEC 17021-1, ISO/IEC 17021-2, ISO/IEC 17021-3, ISO/IEC TS 17021-10.
Оценувач - **е лице кое е определено од ИАРСМ, само или како дел од оценувачкиот тим, да врши оцена на тело за оцена на сообразност (ТОС).**

Водечки оценувач - е оценувач кому е дадена севкупна одговорност за специфицираните активности при оценката. Водечкиот оценувач го координира и води оценувачкиот тим во акредитациониот процес.

Забелешка - Водечкиот оценувач може во тек на исто оценување да прави оценка на системот за управување и да изведува работа на технички оценувач, за подрачја на акредитација за кои ИАРСМ смета дека поседува техничка компетентност.

Технички оценувач – оценувач кој спроведува оцена на техничката компетенција на телото за оцена на сообразност за конкретни подрачја од бараниот опсег на акредитацијата.
Забелешка – Техничкиот оценувач може исто така да спроведува оцена на системот за управување, ако ИАРСМ смета дека е компетентен за истата.

Експерт - е лице кое е определено од ИАРСМ, да обезбеди специфично знаење или експертиза во однос на опсегот на акредитацијата кој се оценува и како член на оценувачкиот тим обезбедува технички совети, меѓутоа не се смета за оценувач.
По правило, експертите при оцената се следени од квалификуван оценувач. Сам или во отсуство на оценувачот, експертот може да обавува само определени технички задачи зададени од оценувачот.

Координатор за оценување – е лице вработено во ИАРСМ, назначено од директорот на ИАРСМ, да ги координира работите помеѓу ИАРСМ, корисникот на услугите и тимот за оцена. Координаторот мора да ја познава системската документација на ИАРСМ поврзана со постапките за акредитација, како и процедурите кои се однесуваат на организација на оценувањето, предоценувачките активности, основните техники и принципи на оценување и послеоценувачките активности. Исто така треба да има соодветна обука за акредитационата шема. Координаторот за оценување ги извршува своите задачи согласно Р03 Правилникот за процедурата за акредитација. Доколки поседува соодветни квалификации и обука, може да се вклучи во оценката како оценувач.

(ISO 17021-1) Терминот "техничка област" се применува различно во зависност од стандардот на менаџмент системот за кој се однесува.
За секој менаџмент систем, терминот се однесува на производи, процеси и услуги во контекст на опсегот на стандардот на менаџмент системот.

АШ – акредитациона шема која се однесува на стандардите од ниво 3 (ISO/IEC 17025, ISO 17021, ISO/IEC 17020 ….)_
ШОС – Шема за оцена на сообразност
Техничка област QMS – Во случај кога станува збор за стандард на системот за менаџмент со квалитет, терминот "**Техничка област"** се однесува на процесите неопходни да се исполнат очекувањата на клиентот и применливите законски и регулаторни барања за производи и услуги на организацијата.
Техничка област EMS - Во случај кога станува збор за стандард на систем за управување со животна средина, терминот "техничка област"се однесува на типови активности и услуги поврзани со факторите на животната средина кои влијаат на воздухот, водата, земјата, природните ресурси, флората, фауната и луѓето.

(ISO 17021-2) (техничка област на систем на управување на животната средина) – област која се карактеризира со сличност во процесите кои се однесуваат на системот за управување со животната средина и неговите планирани резултати.

(ISO 17021-10) (техничка област за здравје и безбедност при работа OH&S техничка област) - област која се карактеризира со сличност во процеси релевантни за системите за управување со здравјето и безбедноста при работа
и неговите планирани резултати
Деловен/Бизнис сектор се подразбира како економски активности кои опфаќаат широк спектар на сродни технички области.
Компетентност: способност да се применат знаења и вештини за постигнување на планираниот резултат.

4. КЛАСИФИКАЦИЈА И СТАТУС НА ОЦЕНУВАЧИ

4.1 Класификација на оценувачи

Класификацијата на оценувачите се прави врз основа на областа во која што компететноста на оценувачот е признаена. За водечките оценувачи класификацијата е определена преку областа на акредитација, а за техничките оценувачи е дополнително определена преку релевантното техничко подрачје.
Водечките оценувачи се класифицирани во следниве области:

- лаборатории за тестирање и калибрација: МКС EN ISO/IEC 17025;
- медицински лаборатории МКС EN ISO 15189;
- инспекциски тела: МКС EN ISO/IEC 17020;
- сертификациони тела за производи, процеси и услуги: МКС EN ISO/IEC 17065
- сертификациони тела за системи за управување: МКС EN ISO/IEC 17021-1;
- сертификациони тела за лица: МКС EN ISO/IEC 17024;

Техничките оценувачи се класифицирани според област на акредитација: лаборатории за тестирање/калибрација МКС EN ISO/IEC 17025; медицински лаборатории МКС EN ISO 15189; инспекциски тела МКС EN ISO/IEC 17020; сертификациони тела за производи МКС EN ISO/IEC 17065; сертификациони тела за системи за управување МКС EN ISO/IEC 17021-1 (пр. QMS/EMS сертификациони тела); сертификациони тела за персонал МКС EN ISO/IEC 17024 и одредено техничко подрачје; и
Експертите се класифицирани по одредени технички подрачја и за одреден тип на производ/големина, метода на тестирање/калибрација, инспектирање и сертификација. Техничките подрачја за областите на акредитација: тестирање, калибрација и сертификација се специфицирани во Правилникот за определување на подрачјата за области на калибрација, тестирање, инспекција и сертификација Р15.

4.2 Статус на оценувачи и експерти

Статусот на оценувачите е дефиниран врз основа на тековната сосотојба на обуката на оценувачот (теоретска и практична) и од надзорот над нивната работа.
За водечки и технички оценувачи

- кандидат за оценувач
- набљудувач
- во обука
- оценувач

За експерти

- експерт

5. КРИТЕРИУМИ И БАРАЊА ЗА КОМПЕТЕНЦИИ НА ОЦЕНУВАЧИТЕ

5.1 Процес на дефинирање квалификации, искуство и обуки на персоналот

Доколку се јави потреба од проширување на активностите на ИАРСМ во нови области (нова акредитациона шема или шема за оцена на сообразност), ИАРСМ постапува согласно ПР 04-02 Процедура за проширување и намалување на активностите на ИАРСМ.

При примена на еден од чекорите кои се однесува на достапност на компетентен персонал, потребно е прво да се утврдат компетенциите и искуството на персоналот вклучен во процесот на акредитација, од страна на лица или органи со најголемо познавање односно искуство за соодветната акредитациона шема/шема за оцена на сообразност, како што се:

- вработени односно персонал (внатрешен/надворешен) со претходно искуство во однос на новата област на акредитација;
- претставаници на регулаторно тело доколку новата област е законски регулирана;
- сопственици на шема за оцена на сообразност како и заинтересирани страни за нејзина примена;
- членови на технички комитети/работни групи како дел од техничките комитети со претходно искуство во однос на новата област на акредитација;
- претставници на потенцијални ТОС со искуство во конкретната област;
- странски акредитациони тела кои веќе имаат искуствво при имплементација на соодветната област на акредитација
- и други лица односно субјекти кои можат да придонесат во процесот на дефинирање на критериуми за компетенции и искуство на персоналот при развој на нови АШ/ШОС.

При дефинирање на критериумите секогаш треба да се земат во предвид барањата на соодветната ШОС, законските барања, барањата дефинирани во технички стандарди, барањата дефинирани во мандаторни или информативни документи на ЕА, ILAC или IAF и други извори на информации (доколку ги има и се применливи).

Крајниот извештај од работењето на ваквите "работни групи" со дефинирани критериуми за компетентност, се доставува до "Комитетот за оцена на лица" за понатамошно потврдување на компетенциите на идните оценувачи/експерти во новата област на работење.
Критериумите за компететност во нови области на акредитација треба да ги содржат сите податоци кои се наведени во точките 5.2 и 5.3 (не замајќи ги во предвид конкретните години на искуство)..
Подоле, во точките 5.2 и 5.3 снаведени се конкретни критериуми за компететност во развиените и веќе во примена АШ/ШОС.

5.2 Минимални критериуми и барања за квалификации, искуство и обука

5.2.1 Образование
Водечки оценувач/Технички оценувач/експерт
Да имаат високо образование или соодветни квалификации (специјализации) во релевантна научна/техничко - технолошка дисциплина

5.2.2 Професионално искуство
Водечки оценувач
4 години работно искуство, од кои најмалку 2 години искуство во областа на акредитација или оцена на сообразноста;
Технички оценувач/Експерт
Најмалку 4 години работно искуство, и 2 години во областа и техничкото подрачје кои се предмет на акредитација.

5.2.3 Обука
5.2.3.1 Теоретска обука

ИАРСМ за оценувачите бара успешно комплетирање на курсеви за обука за оценувачи или комбинација на обуки за оценувачи и обуки за соодветните стандарди.

Водечки оценувач/технички оценувач

Обука за оценувачи за стандардот за кој кандидатот за оценувач се пријавува, во времетраење од најмалку 3 дена (со или без полагање на испит) - доколку оценувачот веќе има предзнаења за стандардот, стекнати со самообучување или друг вид обука, а во спротивно мин. 36 часа распредени во 4-5 дена.

За секоја следна област на акредитација обука во времетрањење од минимум 2 дена (со или без полагање на испит)-доколку оценувачот веќе има предзнаења за стандардот, во спротивно мин. 24 часа распоредени во 3 - 4 дена.

Забелешка: Оценувачите за сертификационите тела за менаџмент системи покрај обуката за МКС EN ISO/IEC 17021-1 мора да имаат завршено и обука за стандардите од ниво 4, МКС EN ISO/IEC 17021-2, МКС EN ISO/IEC 17021-3, ISO 17021-10, и задолжителните ЕА и IAF MD документи, како и обука од најмалку еден менаџмент систем стандард, ниво 5 (на пример: ISO 9001, ISO 14001, OHSMS/ISO 45001 итн.).

Техничките оценувачи за сертификациони тела за менаџмент системи покрај обуката за МКС EN ISO/IEC 17021-1, мора да имаат завршено
и обука за соодветниот стандард ниво 4, МКС EN ISO/IEC 17021-2, МКС EN ISO/IEC 17021-3, ISO 17021-10, и задолжителните ЕА и IAF MD документи, како и обука за аудитори за соодветен менаџмент систем стандард (на пример: QMS/ISO 9001, EMS/ISO 14001, OHSMS/ISO 45001 итн.)

Експерт

Нема посебни барања, експертот се воведува во суштинските барања на стандардот, пред вклучување во оцена.

5.2.3.2 Обука – со вклучување во оценувања (под надзор)

Водечките оценувачи

По теоретската обука се вклучуваат во оценувањата како набљудувачи најмалку 10 дена на оценување на лице место (при калкулација на деновите се земаат предвид активностите пред и после оценувачката посета, кога кандидатот ги следи активностите на водечкиот оценувач).

Надзорот на водечките оценувачи во обука се реализира во најмалку 3 (три) последователни оценувања под надзор на искусен квалификуван водечки оценувач, од кои најмалку: 1 (едно) иницијално оценување или повторно оценување (оценка на документација и/или прелиминарна оценка, подготовка и планирање на иницијална оценка, спроведување на иницијална оценка, подготовка на извештај од оценката и верификација на корективни мерки, доколку има потреба) и 1 (еден) надзор (подготовка и планирање на надзорна оценка, спроведување на надзорна оценка, подготовка на извештај и верификација на корективни мерки, доколку има потреба). Третото оценување може да биде иницијално или повторно оценување, како и надзорно (зависно од достапноста на телата за оцена на сообразност).

Ова се однесува на стекнување на статус водечки оценувач во една акредитациона шема-област (пр. според ISO 17025, ISO 15189, ISO 17020, ISO 17021-1, ISO 17065, ISO 17024).

За стекнување на статус водечки оценувач во друга акредитациона шема потребно е да има обука за соодветниот стандард (како што е наведено во т. 5.1.3.1) и да изврши барем едно оценување под надзор на искусен квалификуван водечки оценувач.

Технички оценувач кој извршил најмалку 3 (три) оценувања, а ги задоволува и останатите критериуми и барања за водечки оценувач, може да стане водечки оценувач, но во тој случај мора да биде под надзор на искусен квалификуван водечки оценувач во две оценувања.

Напомена 1: Водечкиот оценувач во обука ги извршува сите неопходни активности поврзани со процесот на оценување, вклучително и подготовка и формулирање на несообразностите, преглед на предложените корективни мерки и верификација на доказите за спроведените корективни мерки, како и давање препорака во однос на акредитацијата (доделување/недоделување, одржување, проширување, скратување и сл.), под надзор на искусен квалификуван водечки оценувач.
Активностите се извршуваат како дел од евалуацијата на компетентноста на водечкиот оценувач во обука за потребите на неговото овластување. Искусниот квалификуван водечки оценувач кој врши надзор има севкупна одговорност за процесот на оценување и обезбедува соодветен надзор над активностите на водечкиот оценувач во обука.
Доколку во текот на оценувањето се појават сериозни отстапувања од утврдените барања, несоодветно постапување или ризик за интегритетот и ефективноста на процесот на оценување, искусниот квалификуван водечки оценувач интервенира и ги презема неопходните активности за обезбедување на правилно спроведување на оценувањето.

Технички оценувач
Надзорот на техничките оценувачи кои се во обука се реализира во најмалку 2 оценувања и тоа, по можност 1 (едно) иницијално или повторно оценување (спроведување на оценка, подготовка на извештај од оценката и верификација на корективни мерки, доколку има потреба) и 1 (еден) надзор (спроведување на надзорна оценка, подготовка на извештај и верификација на корективни мерки, доколку има потреба).
Кандидатите за технички оценувачи пред теоретската обука може да се вклучуваат во оценувањата како експерти или набљудувачи.
Надзорот на техничките оценувачи кои се во обука се реализира од страна на водечкиот оценувач или друг оценувач, член на тимот или надворешен, кој има обврска да ја оцени работата на оценувачот во обука, согласно т.2.5 и 2.6 од Процедурата за оцена на работата на оценувачите ПР 03 – 03. За стекнување на статус технички оценувач во друга акредитациона шема потребно е да има обука за соодветниот стандард (како што е наведено во т. 5.1.3.1) и да изврши барем едно оценување под надзор на квалификуван оценувач.

Експерт
Експертите, по дефиниција при оцената се следени од квалификуван оценувач. Надзорот се изведува при првото вклучување во оценување на експертот во името на ИАРСМ, а потоа согласно препораките од лицето назначено за надзор и планот за надзор на работата на оценувачите и експертите.

Напомена 2: Наодите од реализираниот надзор на оценувачите во обука/експертите се запишуваат во обрасците дефинирани во процедурата ПР 03-03 Оцена на работата на оценувачите и експертите следејќи ги правилата на т.5 од процедурата ПР 03-03.

5.3 Знаења, вештини и лични особини

5.3.1 Познавање на јазици
Водечки оценувач/Оценувач/експерт
Да имаат способност за ефективна говорна и писмена комуникација на македонски јазик и познавање на еден странски јазик, по можност англиски јазик.

5.3.2 Лични особини
(согласно ISO 19011)
Оценувачите треба да бидат етични, отворени, тактични, искрени, перцептивни, аналитични, приспособливи, истрајни, внимателни, одлучни и самоуверени, да бидат способни да разликуваат суштински и важни барања од помалку важни. Исто така, да поседуваат

мотивираност и способност за стекнување со нови знаења и да се склони кон самодообразување.

5.3.3 Знаење и вештини

5.3.3.1 Општи барања

Водечките и техничките оценувачи мора:

- Да ги знаат критериумите, легислативата и стандардите кои се користат при акредитација, да ги разбираат и на соодветен начин да ги применуваат документите на ИАРСМ, документите на ЕА, ILAC и IAF;
- Да имаат општи познавања на системите за управување со квалитет и процесите во телото за оцена на сообразност;
- Да ги познаваат методите и техниките на оценување и способност за донесување на заклучоци;
- Да ги познава принципите на оценување на основа на ризик;
- Да бидат способни да ги евидентираат наодите /несообразностите/ и објективно да известуваат за нив;
- Да бидат способни за чување на доверлива и безбедносна информација;
- Да бидат ослободени од какви било комерцијални, финансиски или други притисоци или конфликт на интереси кои можат да бидат причина да не можат да ја извршуваат работата на непристрасен, неутрален и недискриминаторски начин.

5.3.3.2 Дополнителни барања за технички оценувачи

Покрај општите барања техничките оценувачи мора:

Техничките оценувачи на ИАРСМ за лаборатории мора да имаат:

- Две години професионално искуство во специфичното подрачје на тестирање/испитување или калибрација;
- Учество во 2 оценки како експерт во специфичното подрачје;
- Да имаат техничко познавање за подрачја и типови на калибрации, тестирања/испитувања, во кои се вклучени како оценувачи; за целиот или за дел од бараниот опсег на акредитација;
- Да имаат познавање на предметот на калибрации, или тестирања/испитување
- Разбирање на ризиците поврзани со методите за тестирање/испитување или калибрација;
- Да можат да оценат соодветност на методите/процедурите за тестирање/испитување или;
- Да ја оценат проценката на мерната неодреденост, ако е применливо;
- Да ги анализираат употребата на различни шеми за оцена на оспособеноста (ПТ/ЕОК) и меѓулабораториските споредби, ако е применливо;
- Да ги познаваат типичните проблематични подрачја врзани со тестирањата/испитувањата или калибрациите;
- Да ги познаваат специфичните барања за тестирање/испитување и калибрација, како и техничката основа за овие барања;
- Да ги познаваат барањата поврзани со опсегот на акредитацијата (на пр. правилници, прописи, стандарди);
- Да ги познаваат организацијата на лабораторијата и терминологија врзана за тестирањата/испитувањата и калибрациите.

Техничките оценувачи на ИАРСМ за сертификационите тела, мора да имаат:

- Познавање на стандардите кои се применуваат за оценување на ТОС (ISO/IEC 17065, ISO/IEC 17021-1, ISO/IEC 17021-2, ISO/IEC 17021-3, ISO/IEC 17021-10 и поврзаните задолжителни и информативни документи – ЕА и IAF);
- Способност да се разберат деловините процеси на СТ (сертификационо тело) и истите да се оценат; Разбирање на ризиците поврзани со областа на сертификација;

- Познавање на принципи, практики и техники на аудит;
- Способност да се донесуваат одлуки;
- Познавање и разбирање на потребните алатки и упатства за да може да се утврди дали СТ, колку што е можно,соодветно управува според регулаторните барања;
- Познавање во различен деловен/бизнис сектор (IAF/NACE код);
- Познавање на производи, процеси и организација во една техничка област во конкретниот бизнис сектор;
- Разбирање/запознаеност со производи, процеси и технологии поврзани со деловните активности (економски и социјални) опфатени со акредитираните MS сертификати;
- Регулаторни барања во одреден сектор, доколку е применливо;
- Познавање на лабораториските методи за тестирање, доколку е применливо.

Горенаведеното познавање за определени оценувачи може да биде стекнато од:
- Директно работно искуство во сектори на поврзани индустрии/услуги, или
- Образование, истражување и активности во областа, или
- Консултантски или аудит активности или комбинација од ваквите елементи.

Кога знаењето не е соодветно, оценувачите или оценувачкиот тим треба да биде поддржан од експерт.

Техничкиот оценувач мора да има:
- Две години професионално искуство за првата техничка област или стручна обука; За дополнителните технички области, техничкиот оценувач мора да има:
- Искуство во оценување/аудит и ако е применливо искуство во лабораторија;
- Учество во 3 аудити во техничка област како аудитор или набљудувач или аудитор во обука под надзор на аудитор/специјалист од СТ; или
- Една година практично искуство во развој, производство и/или тестирање на производи, производство (производна опрема и објекти) во техничка област; или
- Искуство како надворешен советник /консултант во техничката област или
- Компетенции стекнати со учество во размена на знаење или експертски дискусии.

Техничките оценувачи на ИАРСМ за инспекциски тела мора да имаат:

- Две години професионално искуство во специфичното техничко подрачје (лифтови, опрема под прититсок и тн.);
- Знаење на техничките стандарди поврзани со техничкото подрачје, доколку има;
- Знаење на легислативата ако техничката област е регулирана;
- Разбирање на ризиците поврзани со типот на инспекции;
- Познавање на производите/процесите/услугите коишто се предмет на инспекција;
- Способност за оцена на соодветноста на методите/процедурите на инспекција;
- Знаење на стандардот EN ISO/IEC 17020 и меѓународното упатство поврзано со стандардот
- Искуство во оценување
- Учество во 3 оценки како експерт во специфичното подрачје;
- Учество во оценувања на акредитационо тело би била додадена вредност

Експертот мора да има работно искуство во специфични технички области.

5.3.3.3 Дополнителни барања за водечки оценувачи

Водечките оценувачи треба да имаат дополнителни познавања и вештини за водење на тим, со цел да се постигне ефикасно и ефективно оценување. Водечките оценувачи мора:

- Да се способни да го испланираат оценувањето;
- Да бидат организирани и ефективно да управуваат со времето;
- Да бидат способни успешно да ги подготват и изведат воведниот и завршниот состанок;
- Да бидат способни успешно да ги организираат и водат членовите на тимот за оцена;
- Да бидат способни да ги спречат и решат конфликтите;
- Да бидат способни да ги координираат изработките на извештаите и да подготват финален извештај од оценувањето;
- Да бидат способни врз основа на наодите од оценката да формулираат прифатливи заклучоци, врз основа на кои телото за оцена на сообразност ќе може да преземе соодветни активности, а телото за акредитација да донесе соодветна одлука.

5.3.3.4 Барања за експерти

Експертите нема потреба да имаат фундаментални познавања за техниките за оценување или системот за акредитација. Експертите треба:

- Да ги познаваат суштинските постулати на барањата во стандардите кои се користат при акредитација и политиките на телото за акредитација;
- Да поседуваат соодветно техничко знаење и вештини за специфичното техничко подрачје (специфичните калибрации и тестирања, типови на инспекција или сертификација на производи, процесите специфични за одредени IAF/NACE кодови и категории при сертификација на менаџмент системи и сертификација на лица).

6. ПРОЦЕДУРА ЗА СЕЛЕКЦИЈА, ОБУКА И ОЦЕНА НА ОЦЕНУВАЧИ

Процесот на квалификација на оценувачот/експертот опфаќа иницијална почетна селекција, обука, континуирана обука и периодични оценувања кои се потребни за одржување и потврдување на континуиран развој на компентенциите. Оценувачите и експертите мора да се:

- Избрани (врз основа на образование, знаење, искуства и вештини кои ги поседуваат);
- Обучени по правилата и процедурите за акредитација, и по процедурите и критериумите за акредитација на ИАРСМ, како и за сите релевантни одредби кои се наменети за нив, на курсеви за обука или еквивалентни средства;
- под континуиран надзор и оценување со соодветни техники (види ПР 03-03)

6.1 Пријава

Кандидатите, кои сакаат да соработуваат со ИАРСМ, како оценувачи или експерти треба да ја пополнат апликацијата ОБ 03-09 „Пријава за оценувач/експерт во системот за акредитација" и да ја испратат до ИАРСМ заедно со биографијата и сите податоци и документи кои ги потврдуваат нивните професионални квалификации и компетенции (дипломи, сертификати, препораки и др.), во пишана и во електронска форма.

Во пријавата, кандидатите прецизно треба да ја дефинираат областа и подрачјето за кое се пријавуваат како оценувачи (согласно Правилникот за определување на подрачјата за области на калибрација, тестирање, инспекција и сертификација Р 15).

Пријавата е достапна на интернет страницата на ИАРСМ, www.iarm.gov.mk.

Кандидатите за оценувачи и експертите треба да имаат скорашно искуство за активностите од областа за која се пријавуваат како оценувачи, односно експерти.

6.2 Избор на оценувачи и експерти

Комитетот за оцена на лица ги прегледува пријавите и приложените податоци и документи, и проверува дали кандидатите ги исполнуваат основните критериуми и барања за компетентност да бидат прифатени како оценувачи.

Комитетот за оцена на лица може да одлучи со одредени кандидати да направи интервју.
При проверка на експертите може да се земат предвид и мислењата на други експерти и препораките од работодавецот или професионални здруженија

ИАРСМ ги обработува податоците со цел да одреди дали кандидатите ги исполнуваат барањата за водечки оценувачи, технички оценувачи и експерти, наведени во т. 5 од овој документ.
За кандидатите кои ги задоволуваат барањата дадени во т. 5 од овој документ, Комитетот за оцена на лица дава препорака на директорот за доделување на одреден статус и промена на статусот на оценувачите, согласно т. 4.2 од овој документ. Врз основа на дадената препорака директорот донесува одлука за статусот на кандидатот и за тоа издава сертификат.
Секоја одлука е образложена и документирана и оценувачот мора да биде соодветно информиран за тоа.
Комитетот за оцена на лица ги регистрира оценувачите во листите на водечки оценувачи, технички оценувачи и експерти.
Кандидатите кои сеуште не ги задоволуваат во целост барањата дадени во т. 5 од овој документ, се регистрираат во листата за кандидати за оценувачи.
ИАРСМ ги обработува податоците со цел да одреди дали кандидатите ги исполнуваат барањата за водечки оценувачи, технички оценувачи и експерти, наведени во т. 5 од овој документ.
За кандидатите кои ги задоволуваат барањата дадени во т. 5 од овој документ, Комитетот за оцена на лица дава препорака на директорот за доделување на одреден статус и промена на статусот на оценувачите, согласно т. 4.2 од овој документ. Врз основа на дадената препорака директорот донесува одлука за статусот на кандидатот и за тоа издава сертификат.
Секоја одлука е образложена и документирана и оценувачот мора да биде соодветно информиран за тоа.
Комитетот за оцена на лица ги регистрира оценувачите во листите на водечки оценувачи, технички оценувачи и експерти.
Кандидатите кои сеуште не ги задоволуваат во целост барањата дадени во т. 5 од овој документ, се регистрираат во листата за кандидати за оценувачи.

6.3 Обука
6.3.1 Курсеви за обука

Сите избрани кандидати за оценувачи, освен оние кои веќе имаат соодветна обука за акредитација, без оглед на нивната биографија, искуство или квалификации се подвргнуваат на интензивна обука, преку соодветен курс за обука.

Обуката на оценувачите во ИАРСМ е планирана активност и се реализира согласно Планот за обука на оценувачите. Планот за обука и информации за обуките за оценувачи се објавуваат на интернет страницата на ИАРСМ, www.iarm.gov.mk.

ИАРСМ ги организира и ги прифаќа како соодветни оние курсеви за оценувачи, кои се во согласност со упатстватана ILAC, ILAC-G3:08 Упатства за курсеви за обука за оценувачи кои се користат од страна на акредитационите тела.

Исто така, ИАРСМ ги смета за соодветни курсевите за обука организирани од страна на други акредитациони тела кои се членки на Европската акредитација или со кои ИАРСМ има потпишан договор за соработка.

6.3.1.1 Организирање на курсеви за обука

Избор на предавачи

Предавачите кои го водат курсот се избираат од редот на водечките оценувачи на ИАРСМ или водечки оценувачи од други акредитациони тела, кои ги познаваат стандардите, имаат искуство како водечки оценувачи, како и способност да организираат и спроведуваат обуки.
По потреба се вклучуваат дополнителни предавачи кои можат да бидат или од редот на вработените во ИАРСМ или од релевантни институции, а кои имаат соодветна квалификација и познавање на темите што ги покриваат.

Избор на учесници на курсевите за обука
Изборот на учесниците на обука за оценувачи е во надлежност на Комитетот за оцена на лица. Изборот се прави врз основа на достапните податоци за експертите, кандидатите за оценувачи и оценувачите што се достапни во Личните регистри на оценувачите и експертите. При изборот се земаат предвид претходните обуки и искуство на кандидатите, како и препораките од надзорот над работата на оценувачот.
Бројот на учесниците е ограничен на максимум 20 и курсот се креира така што:

- Има најмалку двајца предавачи кога бројот на учесниците надминува 8;
- Учесниците работат во групи од 4 или 5 лица;
- Учесниците на групите се секогаш кога е можно од различни струки.

Практична организација
Простории: Обуките се организираат во простории наменети за обука на ИАРСМ или други соодветни простории. Во текот на обуките сите предавачи се ослободени од било какви други работни обврски.
Времетраење: Времетраењето на курсот зависи од структурата на учесниците.
Минималното времетраење на обуката за оценувачи е 3 дена (со или без полагање на испит), доколку оценувачите веќе има предзнаења за стандардот, во спротивно мин. 36 часа распредени во 4-5 дена. По потреба обуката може да се подели и во модули со времетраење од 1-2 дена.
Програма: Програмата за курсот се испраќа до учесниците пред обуката и ги содржи сите потребни елементи, согласно ILAC-G3:08 Упатства за курсеви за обука за оценувачи кои се користат од страна на акредитационите тела.

Учесниците добиваат и контролирана копија од стандардот за кој се однесува обуката и сите презентации и други потребни материјали (пр. брошури за презентација на ИАРСМ и критериумите и барањата за акредитација)
Програмата секогаш се состои од предавања, дискусии и групни вежби (пр. импровизирана оцена)

Оценка на учесниците на курсот
Оценката најчесто се прави преку оценување на учесниците од страна на предавачите, по завршување на обуката Предавачите формираат мислење преку придонесот на учесниците направени за време на курсот околу следново:

- знаењето и разбирањето на критериумите за акредитација и процедурите за акредитација од страна на учесниците;
- способноста на учесниците за комуникација и тимска работа;
- потенцијал за лидерство од страна на учесниците

Оценките на учесниците се внесуваат во обрасците “Евалуација на учесникот на обука за оценувачи’’ и се еден од критериумите за класификација на оценувачите како соодветни/ несоодветни за работата на оценувач, за промена на статусот на оценувачот и дефинирање на понатамошна потреба од обуки (теоретски и со вклучување во оценувања)
По потреба се проведува и писмен испит како средство за демонстрирање на стекнатото ниво на познавања, потребно за работата на оценувач.

Доколку учесникот не е заведен на листата за оценувачи, а оценката од курсот е позитивна, учесникот се заведува во Листата на кандидати за оценувачи.

Сертификат за посетување на курсот за обука
По завршување на курсевите за обука на оценувачи секој учесник кој редовно и активно учествувал во курсот добива Сертификат за посетување на курсот со краток опис на курсот. Доколку курсот вклучува и писмен испит, секој учесник што успешно го завршил добива „Сертификат за успешно завршен курс за обука на оценувачи“ или сличен текст.

6.3.2 Стекнување со искуство во процедурата за акредитација

По успешното завршување на обуката за оценувачи, кандидатите за оценувачи преку учество во акредитационите активности како оценувачи во обука се стекнуваат со практично искуство, согласно дефинираните барања во т. 5.1.3.2) на овој документ.

6.3.3 Вклучување на странски оценувачи во процедурата за акредитација на ИАРСМ

Странските оценувачи, кои за првпат учествувааат како оценувачи во ИАРСМ, однапред ги добиваат соодветните документи за акредитација (документите од ТОС и документите на ИАРСМ). За секое евентуално понатамошно учество, ИАРСМ повторно проверува дали странскиот оценувач ги има најновите верзии од гореспоменатите документи.

При првото вклучување на странски оценувачи/експерти секогаш се прави надзор на работата и се пополнуваат извештаи согласно т. 5 на ПР 03-03.

6.3.4 Одржување на компетентноста на оценувачите

6.3.4.1 Самостојно дообучување
Оценувачите мора постојано ја одржуваат и подобруваат нивната компетентност и стручни способности преку постојан развој на професионално ниво и редовно учество во оценувањата.

Оценувачите мора да ги надградуваат нивните знаења и вештини во специфичната област во која тие работат како оценувачи, преку:
- Следење на стручна и научна литература,
- Следење на промените и дополненијата на барањата за акредитација, правилниците и процедурите на ИАРСМ,
- Следење на новата или дополнителната техника и технологија,
- Следење на новото или дополнителното законодавство и стандарди и на други релевантни научни аспекти.

6.3.4.2 Тековна обука за одржување на компетентноста на оценувачите
ИАРСМ повремено организира обуки и состаноци за своите квалификувани оценувачи со цел да се одржува нивната компетентност. За време на овие курсеви за обука и состаноци, оценувачите имаат можност да разменат искуствата, научни сознанија и информации за акредитационите барања, како и да се информираат за дополненијата на барањата за акредитација и/или промена на документите.
ИАРСМ организира и “освежувачки” обуки за своите квалификувани оценувачи, во траење од 1– 2 дена. Овие обуки се организираат за оценувачи кои повремено се вклучуваат во оценувања, кои подолго време не биле вклучени во обуки или при значајни промени на барањата за акредитација.

ИАРСМ може да организира или да бара од сите или од само од некои оценувачи, да се вклучат во одредени специфични обуки (за одредени специфични технички барања).

По потреба, Комитетот за оцена на лица организира состаноци за хармонизација на оценувачите. На овие состаноци се усогласуваат критериумите за оценување, се информира за промени на барањата и прилагодување на работата кон новите барања.
На состаноците се дискутираат и одредени проблематичните прашања и по потреба се вклучуваат и експерти за конкретни подрачја.
Целта на овие состаноци е меѓусебна хармонизација на оценувачите и севкупно подобрување на целиот процес на акредитација.

Оние оценувачи што оправдано не присуствувале на состаноците се информираат за темите и заклучоците од состаноците.

Редовното присуство на обуките и состаноците на кои се поканети од ИАРСМ за оценувачите е еден од условите за одржување на статусот на одобрен оценувач.
Странските оценувачи се информираат за правилниците и процедурите на ИАРСМ и какви било промени во барањата и документите при подготовката за оценување и за време на првиот контакт со оценувачкиот тим пред оценувачката посета.

6.4 Оценување на работата на оценувачите и експертите
ИАРСМ постојано ја оценува работата на оценувачите согласно процедурата за Оцена на работата на оценувачите и експертите (ПР 03-03). Оцената на работата на оценувачот/експертот започнува при неговото прво оценување за потребите на ИАРСМ и повремено во текот на соработката на оценувачите со ИАРСМ.

Стекнувањето на статус на водечки оценувач или технички оценувач или продолжувањето на работата под надзор ќе зависи од добиените препораки од работата под надзор и од повратните информации од ТОС.

6.5 Повлекување на оценувачот од листата
Оценувачот /експертот може да биде суспендиран/повлечен од листата на оценувачи и експерти, доколку веќе не ги задоволува барањата од т. 5 на оваа процедура и барањата согласно Процедурата за оцена на работата на оценувачите и експертите (ПР 03-03).
Секој оценувач има право сам да побара написмено да биде избришан од листата на оценувачи и експерти.

И по бришење од листата важат сите барања кои се однесуваат на заштита на доверливите податоци кои оценувачот ги има добиено за време на изведување на работата во акредитациониот систем.

7. ПОДАТОЦИ ЗА ОЦЕНУВАЧИ

Сите податоци кои се однесуваат на експертите и оценувачите се чуваат кај ИАРСМ согласно Законот за заштита на личните податоци, а можат да бидат достапни за други субјекти со писмена согласност од соодветните оценувачи и експерти.

Во архивата на Комитетот за оцена на лица се чува севкупната документација во врска со исполнувањето на барањата за оценувачи, кандидатите и експертите, во лични регистри на оценувачите.
Претседателот/член на Комитетот за оцена на лица ги одржува и ажурира податоците за кандидатите, оценувачите и експертите.

Листита на оценувачите и експертите и записите со податоци (ОБ 03-09-1, 0В 03-09-2 и 0В 03-09-3), се наоѓаат во регистрите на оценувачите и експертите во електронската база на ИАРСМ и ги содржат следните податоци:

- име и презиме, како и останати податоци (адреса, телефон, факс, е-маил адреса);
- организација во која работат и работно место;
- стручна подготовка /образование/ и професионален статус;
- знаење на странски јазици;
- работно искуство во соодветната техничка област и во областа на системи за управување со квалитет;
- искуство во оценувањето при акредитација;
- познавање на акредитационият систем и системот за управување со квалитетот;
- областа на оцена на сообразноста / област на тестирање, калибрација, сертификација и инспекција за која оценувачот се смета дека е компетентен за водење на оценувањето и др.);
- записи од обуката;
- резултати од надзорот на оценувачот/експертот.
- обука за системи за управување, активности на оценување и на оценување на сообразност;
- компетентност за специфични задачи на оценување;
- искуство во оценување и резултати од нивното редовно следење,
- тековниот статус на оценувачот.

Оценувачите имаат обврска да ги ажурират своите податоци со доставување на пополнет образец ОБ 03-09 Пријава за оценувач/експерт во системот за акредитација, еднаш годишно и по потреба да достават докази за внесените промени. Доколку нема измени мора писмено (пр. по е-маил) да го информираат Комитетот за оцена на лица за истото.

7.1 Записи

Личните регистри на оценувачите и експертите се чуваат најмалку 5 години по бришењето на кандидатот, оценувачот или експертот од листата. Сите податоци од личните регистри и листите се доверливи. Секој оценувач и експерт има пристап до сопствените регистри.

Следните податоци кои ги поседува ИАРСМ, а се однесуваат за одделни оценувачи може да бидат достапни и за странските акредитациони тела:

- име и презиме и други лични податоци (адреса, телефон, факс, е-маил),
- областа на експертиза како оценувачи/експерти

Личните регистри на оценувачите кои се вработени во ИАРСМ се водат на следниов начин: записите од вработувањето и од формалното образование се чуваат во персоналното досие на секој вработен во Одделението за општи работи, а записите од дополнителните обуки (сертификати, програми и сл.), Пријавата, Податоците, биографијата и записите од надзорот на работата на оценувачот, во личниот регистар на секој оценувач во архивата на Комитетот за оцена на лица.

8. КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

Лојалност

Оценувачите и експертите имаат обврска за верност, преданост, чесност, искреност, точност во извршувањето на обврските кон ИАРСМ и акредитационият систем.

Конфликт на интереси

Оценувачите и експертите ангажирани од ИАРСМ не смеат да бидат во професионален, финансиски, консултантски, роднински или било каков друг однос кој може оценувачот да го доведат во конфликт на интереси со ТОС кое е предмет на оценување.
Пред прифаќање на одредена задача, оценувачите и експертите се должни да го информираат ИАРСМ за професионалните, финансиските или работните интереси кои би можеле да создадат конфликт на интереси.

Доверливост
Оценувачите и експертите се обврзани сите информации добиени во тек на оценувањето да ги третираат како доверливи. Информациите за оценувањето може да се дадат на трети лица само со писмено одобрение на телото за кое се однесуваат.

Интегритет и непристрасност
Оценувачите и експертите се обврзани да ја одржат својата објективност во тек на целото оценување и да го информираат ИАРСМ за сите влијанија и притисоци кои може да ја нарушат независноста и непристрасноста на нивната оценувачка работа.
Со потпишување на договорот оценувачите и експертите изјавуваат дека во период од една години пред потпишувањето на договорот ниту тие, ниту нивниот работодавач немаат воспоставено такви релации со телото кое се оценува кои би можеле да влијаат на нивната непристрасност.

Консултантски услуги
Оценувачите и експертите не смеат да даваат консултантски услуги на телото кое се оценува, се додека се членови на тимот за оцена. Ангажирањето на еден оценувач во едно тело, секогаш кога има можност, е во времетраење на еден акредитационен циклус (од предоценка/оценка до завршување на третиот надзор). За давање на консултантски услуги важи истото правило, дека во период од една години за оценувач и за експерт пред потпишување на договорот ниту тој, ниту неговиот работодавач не смее да биде ангажиран како консултант кај телото што се оценува.

9. ДОГОВОРИ

Сите надворешни оценувачи и експерти со ИАРСМ потпишуваат договор за секое учество во процедура за акредитација (ОБ03-02 Договор за ангажирање на оценувач во процедурата за акредитација и ОБ03-03 Договор за ангажирање на експерт во процедурата за акредитација).
Договорот ги дефинира сите права и должности, што подразбира и финансиските обврски, како и обврски од аспект на исполнување на барањата од т.8 на овој документ.
Договорот се чува во регистерот на предметот за акредитираното тело во чие оценување бил вклучен оценувачот/експертот.
Оценувачите вработени во ИАРСМ и оценувачите кои вршат оцена во име на ИАРСМ, а за нивната работа не ги плаќа ИАРСМ (на пример, заедничка акредитација со друго акредитационо тело, проекти) пред оценувањето потпишуваат Изјава за доверливост и непристрасност (ОБ 03-13). Изјавата ги дефинира нивните права и должности вклучувајќи ги и аспектите за непристрасност. Набљудувачите кои присуствуваат за време на оценувањето потпишуваат Општа изјава за доверливост (ОБ 03-11).
Изјавите се чуваат во регистрите од предметите за акредитација.

Референтни документи:

- МКС EN ISO/IEC 17011***)** - Оцена на сообразност - општи барања за телата за акредитација кои акредитираат тела за оцена на сообразност

- ILAC-G3:08*)Упатства за курсеви за обука за оценувачи кои се користат од страна на акредитационите тела
- EN ISO 19011*) Упатства за проверка на системи за менаџмент

Понатамошна документација:

- ПР 03-03Процедура „Оцена на работата на оценувачите и експертите“
- ОБ 03-09 Пријава за оценувач/експерт во системот за акредитација
- ОБ 03-09-1 Податоци за водечкиот оценувач во системот за акредитација
- ОБ 03-09-2 Податоци за оценувачот во системот за акредитација
- ОБ 03-09-3 Податоци за експертот во системот за акредитација
- Регистри на оценувачи и експерти
- ОБ03-10 Евалуација на учесникот на обука за оценувачи
- ОБ03-02 Договор за ангажирање на оценувач во процедурата за акредитација
- ОБ03-03 Договор за ангажирање на експерт во процедурата за акредитација
- ОБ 03-11 Општа изјава за доверливост
- ОБ 03-13 Изјава за доверливост и непристрасност
- Р 15 Правилник за определување на подрачјата за области на калибрација, тестирање, инспекција и сертификација

---

*) Последна верзија на документот

Анекс 1 Вештини и знаења за реализација на акредитациски активности

Акредитациска активност Вештини и знаења	Преглед на пријава, избор на членови на тимот за оценување (Стручен колегиум, Директор)	Преглед на документација и реализација на оценување – водечки оценувачи	Преглед на документација и реализација на оценување – технички оценувачи	Подготовка и организација на оценувањето – координатор/водечки оецнувач	Оценување-оценувачки тим (Водечки и технички оценувач	Преглед на извештаи од оценување и давање препорака за акредитација (комисија за акредитација)	Донесување одлука (Директор на ИАРСМ)	Менаџмент на акредитациски шеми (раководител на оддление/сектор)
Правилници и процедури на ИАРСМ	X Одбор за акредитација	X	X	X	X	X	X	X
Непристрасност – пристап базиран на ризик	X							X
Принципи и техники на оценување и проценка на ризик	X	X	X	X	X	X	X	
Познавање на системот за управување	X	X	X	X	X	X	X	X
Соодветни комуникациски вештини за време на оценувањата со ТОС и тимот за оценување		X	X		X			X
Вештини за евиденција на забелешки и пишување извештаи		X	X		X			
Познавање на акредитациони шеми и сите важни документи кои ги применува ТОС (упатства, водичи и сл.)	X	X	X	X	X	X		X
Законски барања кои се однесуваат на ТОС	X	X	X	X	X	X		X